STATEMENT

# Khaled El-Masri v Macedonia

MAY 15, 2012

Неуспешната разузнавачка операција, која доведе до тоа германскиот граѓанин Калед Ел-Масри да биде грабнат по грешка и тајно пренесен во Авганистан и држен таму четири месеци во 2004 година, на 16 мај треба да пристигне за сериозно разгледување од страна на најискусните европски судии за човекови права во Европскиот суд за човекови рпава во Стразбур.

Ел-Масри беше грабнат од македонски агенти на граничниот премин додека ја преминувал границата на 31 декември 2003 година, кои потоа го држеле без никакво право на комуникација 23 дена во главниот град Скопје, под обвинение дека бил член на Ал-Каеда.

Потоа, на скопскиот аеродром, Македонските службени лица го предале на тим од ЦИА - Централната агенција за разузнавање на САД, каде бил тепан, малтретиран и дрогиран пред да биде легнат со раширени раце и врзан со синџири на подот на авионот и пренесен до Кабул. Во Авганистан, тој бил тајно затворен и испрашуван четири месеци во злогласниот притвор познат како Солт Пит, пред да биде повторно вратен во Европа и оставен на пат во Албанија.

Адвокатите од Отворено општество - Иницијатива за правда, во име на Ел-Масри бараат од Европскиот суд за човекови права да ѝ наложи на Владата на Македонија да спроведе целосна истрага за случајот и да плати отштета за соучеството за неговото незаконско затворање и малтретирање.

Џемјс А. Голдстон (James A. Goldston), Извршен директор на Отворено општество - Иницијатива за правда, кој ќе го презентира случајот, изјави: „Од самиот почеток, Македонија на Калид Ел-Масри му нуди само тишина, одрекувајќи ги неговите права и барајќи да се избрише сé што му се случило од сите службени досиеја. Но, доказите се тука; време е и САД и Македонија да ги потврдат фактите за овој ужасен случај и да му понудат на Ел-Масри соодветна отштета“.

Во документацијата за случајот се вели дека со своето однесување, Македонија прекршила пет членови од Европската конвенција за човекови права: член 3, право на слобода од тортура или малтретирање; член 5, право на слобода; член 8, право на семеен живот; член 10, право на информации; и член 13, право на правен лек.

Македонија продолжува да ги одрекува фактите за затворањето и предавањето на Ел-Масри.

Судовите на САД ја одбија засебната тужба поднесена во име на Ел-Масри од Американската унија за граѓански права, со која се бараше отштета од членовите на администрацијата на Претседателот Џорџ В. Буш, вклучително и од поранешниот директор на ЦИА, Џорџ Тенет. Американската унија за човекови права потоа поднесе слична тужба до Меѓу-американската комисија за човекови рпава, но САД сѐ уште нема одговорено на барањето за одговор по тужбата од Комисијата.

Телеграмите на американската дипломатија објавени на веб страницата на Викиликс (WikiLeaks) покажуваат дека американските дипломати вршат притисок врз Германија да не бара екстрадикција на неколку наводно инволвирани американски граѓани во случајот, по истрагата спроведена од Баварскиот државен обвинител во Минхен.  САД исто така ја охрабрува Македонија и понатаму да молчи за тоа што се случило.

Администрацијата на Обама сѐ уште стои на позицијата да не истражува дали администрацијата на Буш постапувала незаконски со тоа што одобрила користење на методи на тортура против осомничени членови на Ал-Каеда.

info@justiceinitiative.org
www.justiceinitiative.org

The Open Society Justice Initiative uses law to protect and empower people around the world. Through litigation, advocacy, research, and technical assistance, the Justice Initiative promotes human rights and builds legal capacity for open societies.. Our staff is based in Abuja, Amsterdam, Bishkek, Brussels, Budapest, Freetown, The Hague, London, Mexico City, New York, Paris, Phnom Penh, Santo Domingo, and Washington, D.C.